Leaders for Education, Activism and Development

ВОДИЧ ЗА СИМУЛАЦИЈА

# КОГА УЧЕНИЦИТЕ ОДЛУЧУВААТ!

## Симулација на процесот на одлучување во средните училишта

#EYFCOE

EYF
european youth foundation
fonds européen pour la jeunesse

COUNCIL OF EUROPE
75
1949 - 2024
CONSEIL DE L'EUROPE

# ВОВЕД

„Кога учениците одлучуваат“ претставува еднодневна активност наменета за 10 ученици од средните училишта каде тие се ставени во улога на носители на одлуки и во текот на еден училишен ден имаат можност да „управуваат со училиштето“ и да носат одлуки кои ги засегаат нивните соученици.

Активноста се спроведува во рамки на проектот „Кога учениците одлучуваат” кој има за цел да го унапреди учеството на учениците во процесите на носење одлуки во средните училишта.

Преку симулацијата, вклучените ученици поблиску се запознаваат со работата на училишните служби и нивните ингеренции, но и учат како демократски се спроведува процес на носење одлуки, каква улога имаат училишните служби во училишните процеси и значењето на конструктивната дискусија и дијалог.

## ЦЕЛИ НА СИМУЛАЦИЈАТА

1. Учениците да се запознаат со ингеренциите на различните служби во училиштето;
2. Учениците да се запознаат со процесот на носење одлуки во рамки на училиштата и за улогата на различните тела во тие процеси;
3. Учениците да научат конструктивно да дискутираат, да соработуваат и да се консултираат при носењето на одредена одлука.

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА СИМУЛАЦИЈАТА

Симулацијата ќе вклучи 10 ученици кои ќе имаат улога на директор на училиштето, заменик директор на училиштето, педагог, психолог, наставници- членови на наставнички совет и ученици- членови на Ученичката заедница.

Иако одговорниот наставник и одговорниот ученик имаат слобода да ги изберат учениците кои ќе земат учество во симулацијата, препорака е да се внимава во истата да има застапеност на ученици од различни генерации и смерови, како и еднаква родова застапеност.

Во текот на училишниот ден групата ученици, во своите улоги, ќе спроведат процес на носење одлуки, преку директна комуникација и интеракција со училишните служби, наставниците и учениците, учесниците во симулацијата.

## УЛОГИ ВО СИМУЛАЦИЈАТА



Еден ученик во улога на директор на училиштето



Еден ученик во улога на помошник директор на училиштето



Еден ученик во улога на училиштен психолог



Еден ученик во улога на училиштен психолог









Четири ученика во улога на наставници, членови на Наставнички совет



Еден ученик во улога на Претседател на Ученичка заедница



Еден ученик во улога на Потпретседател на Ученичка заедница

## ПРАШАЊЕ КОЕ ЌЕ БИДЕ ВО ФОКУС НА СИМУЛАЦИЈАТА

Овој водич овозможува простор на самите училишта да изберат кое прашање ќе биде во фокус во „процесот на носење одлука“, односно во процесот на спроведување на симулацијата. Прашањата кои можат да бидат тема на симулација се:

**1. Воспоставување механизми за подобрување на комуникацијата помеѓу учениците, наставниците и училишните служби:**

Оваа тема ќе се фокусира на изнаоѓање начини за подобрување на протокот на информации и комуникацијата меѓу сите засегнати страни во училиштето. Учениците ќе имаат задача да развијат конкретни, одржливи и долгорочни механизми за комуникација.

Целта на оваа тема е да се создадат механизми и алатки за непречена комуникација со кои ќе се гарантира дека протокот на информации помеѓу учениците, наставниците и училишните служби ќе биде непрекинат, ефикасен и ефективен.

**2. Развивање на приоритети и активности за креирањето на годишниот план за работа на училиштето**

Учениците ќе добијат можност да придонесат во изработката на годишниот план за работа, што е важен документ кој ги поставува насоките и целите за развојот на училиштето. Нивната задача ќе биде да идентификуваат клучни приоритети за училиштето, кои ќе ги задоволат потребите на учецните, наставниците и на училишните служби. Дополнително, ќе треба да осмислат конкретни активности за реализација на овие приоритети. Ова ќе им овозможи на учениците да станат активни учесници во креирањето на визијата за нивното училиште.

**3. Воспоставување на програма со вон-наставни активности според интересите на учениците**

Во рамки на оваа тема, учениците ќе бидат предизвикани да осмислат програма со вон-наставни активности кои ќе ги рефлектираат нивните интереси и потреби. Важно е програмата која ќе се креира да биде базирана на мислењата, потребите и интересите на учениците, но и на наставниците и другите служби од училиштето. Дополнително, учениците ќе треба да осмислат како спроведувањето на оваа програма да не ја попречува редовната настава и како овие активности да се интегрираат во постојниот училишен распоред за да се осигура нивната одржливост. На овој начин, ќе се придонесе кон создавање поразновиден и подинамичен училишен живот.

**4. Реобмислување и планирање на динамиката и структурата на училишниот ден**

Оваа тема се фокусира на преиспитување и подобрување на организацијата на училишниот ден со цел да се создаде поефикасна и попријатна средина за сите ученици. Учесниците ќе анализираат различни аспекти од тековната динамика и структура, идентификувајќи можности за усогласување со нивните потреби и приоритети. Процесот ќе вклучи разгледување на временската распределба, интеграцијата на активности и управувањето со времето, со цел да се оптимизираат училишните процеси и искуства. Целта е да се воспостави рамнотежа помеѓу ефективноста, продуктивноста и благосостојбата на сите учесници во образовниот процес.

## ШТО ТРЕБА ДА ОПФАТИ СИМУЛАЦИЈАТА?

Процесот на спроведување на симулацијата, во текот на еден училишен ден, треба да опфати и запази неколку важни аспекти:

## ДЕЛ 1: ПОДГОТОВКА

Процесот на подготовка за симулацијата и воведувањето на учениците во самата симулација се одвива најмалку еден ден пред датумот на одржување на самата симулација и на неа учество земаат сите ученици кои се вклучени во симулацијата.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО СИМУЛАЦИЈАТА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА УЛОГИ

Најпрво, одговорниот наставник дава вовед во симулацијата, ја објаснува целта на истата и го објаснува процесот за спроведување. Дополнително, на учениците им се доделуваат улогите кои ќе ги имаат во текот на денот. Препорака е доделувањето да се спроведе со меѓусебен договор, според афинитетите на учениците или по случаен избор, пример со извлекување на ливчиња на кои се наведени улогите.

## СРЕДБА НА УЧЕНИЦИТЕ СО УЧИЛИШНИТЕ СЛУЖБИ

Откако учениците се запознаени со симулацијата, со процесот и со своите улоги, секој од нив остварува средба со службата во која припаѓа согласно добиената улога, со цел да се запознае со ингеренциите на истата. На средбата, учениците од самите служби добиваат информации за тоа како се одвива работниот процес на истите, кои се обврските кои ги имаат и за какви прашања тие одлучуваат.

Дополнително, се запознаваат и со тековните процеси кои овие служби ги спроведуваат. Учениците исто така на оваа средба имаат можност да ги постават сите прашања кои ги интересираат, со цел подобро да се запознаат со својата улога во самата симулација. Прашања кои е важно да се постават:

1. Која е вашата генерална улога во училиштето?
2. Кои се вашите задолженија за време на работниот ден?
3. За какви прашања вие имате надлежност да одлучувате?
4. Кои се моментални проекти или процеси на кои работите?
5. Што е она што треба да ги знаеме, а би ни било корисно за симулацијата?

На самата средба, се дискутира и прашањето кое е предмет на симулацијата и службите ги запознаваат учениците со нивните „ингеренции“ во процесот на одлучување во однос на прашањето кое е предмет на симулацијата.

## ДЕЛ 2: СПРОВЕДУВАЊЕ НА СИМУЛАЦИЈАТА

Откако учесниците се запознаени со процесот, со улогите и со ингеренциите кои ги имаат различните служби во училиштето, на однапред договорениот датум се започнува со спроведување на симулацијата, која опфаќа неколку фази.

## ПЛЕНАРНА СРЕДБА ЗА ДИСКУСИЈА ЗА ПРАШАЊЕТО

За почеток, сите учесници се собираат на пленарна дискусија каде се отвора прашањето и истото се дискутира од страна на сите вклучени. Дискусијата се фокусира на позитивните и негативните страни на донесување на одлуката која е тема на симулацијата и како истата би се одразила на различните аспекти од воспитно-образовниот процес во училиштето и како би се одразила на различните засегнати страни.

Дискусијата е водена од ученикот кој е во улага на директор на училиштето, заедно со неговиот заменик кој води записник за дискусијата. Учениците учествуваат во дискусијата од позиција на службата од која се дел, а врз основа на ингеренциите со кои се запознаа преку средбите со службите.

Прашања кои се важни да се дискутираат:

**1. Кои се позитивните, а кои се негативните аспекти од носење на оваа одлука?**
**2. Кои потреби на учениците ќе ги задоволи оваа одлука и каков ќе биде бенефитот за самите ученици?**
**3. Каков ќе биде ефектот врз секојдневната настава и генерално, на образовниот процес?**
**4. Кој ќе биде одговорен за спроведување на оваа одлука?**

## КОНСУЛТАТИВЕН ПРОЦЕС

Откако ќе се спроведе првичната пленарна дискусија каде сите вклучени ќе ги споделат и аргументираат своите ставови, учениците, тргнувајќи од својата улога, спроведуваат процес за собирање мислења и предлози од учениците и службите во училиштето и тоа:

1. Учениците кои се во улога на **директор и заменик директор**, се консултираат со директорот на училиштето за прашањето кое е предмет на дискусија и прибираат мислења.

Прашања кои е важно да се продискутираат:
o **Што треба да преземе директорот за да се воведе еден ваков новитет во училиштето?**
o **Која е процедурата која треба да се спроведе за да се спроведе одлуката, доколку биде донесена?**
o **На кој начин да се спроведе одлуката, а да не влијае негативно на воспитно-образовниот процес и на редовната настава?**
o **Други прашања од кои ќе произлезат препораки.**

2. Учениците кои се во улога на **училиштен психолог и педагог,** се консултираат со психологот и педагогот на училиштето за тоа како би влијаела оваа одлука врз учениците. Прашања кои е важно да се продискутираат:

o **Какви предлози и препораки поврзани со прашањето кое е предмет на дискусија сакаме да понудиме?**
o **Кои цели и придобивки сакаме да ги постигнеме во насока на унапредување на развојот и добросостојбата на учениците?**
o **На кој начин психолошко- педагошката служба ќе учествува во спроведувањето на одлуката доколку истата се усвои?**
o **Други прашања од кои ќе произлезат препораки.**

3. Учениците кои се во улога на **наставници** спроведуваат консултација со најмалку 5 наставника, за да приберат предлози и мислења од нив. Важни прашања за дискусија:

o **Кои се моменталните потреби и интереси на учениците поврзани со оваа одлука?**
o **Каков бенефит за учениците би сакале да постигнеме со оваа одлука?**
o **Што е она на што треба да внимаваме при носењето на ваква одлука?**
o **Какви предлози и препораки сакаме да понудиме?**
o **Други прашања кои се важни за дефинирање препораки**

4. Учениците кои се во улога на **Претседател и Потпретседател на Ученичката заедница** консултираат најмалку 10 ученика. Прашања за дискусија:

o **На кој начин оваа одлука ќе влијае на учениците?**
o **Кои се позитивните и негативните страни од носењето на оваа одлука?**
o **Како оваа одлука ќе влијае на ни нивниот училиштен живот?**
o **На кој начин може да се подобри оваа одлука?**
o **Кои се нивните предлози и препораки?**

Важно е во целата оваа фаза, сите ученици, во различните улоги да водат записник од дискусиите и да формулираат препораки кои ќе бидат презентирани и дискутирани во следната фаза на симулацијата.

## ПЛЕНАРЕН СОСТАНОК ЗА НОСЕЊЕ НА ОДЛУКА

Врз основа на спроведениот консултативен процес, учесниците повторно остваруваат пленарен состанок, каде се дискутираат мислењата и предлозите кои биле прибрани преку консултативниот процес. Сите предлози се дискутираат и врз основа на дискусијата, со гласање, се носи финална одлука за прашањето кое е предмет на одлучување во рамки на симулацијата.

И за овој состанок се води записник каде се евидентираат сите дискусии и заклучоци кои произлегле од состанокот. Дополнително, за донесените одлуки и заклучоци се креира соопштение наменето за училишниот персонал и за учениците.

## РЕФЛЕКСИЈА НА СИМУЛАЦИЈАТА

Ученикот и наставникот кои ја имаат улогата на координатори на симулацијата, најмногу два дена по завршувањето на симулацијата спроведуваат сесија за рефлексија за да го видат задоволството на учениците и што е она што тие го научиле низ самата симулација. Рефлексијата треба да се спроведе врз основа на прашања со кои може да се види колку учениците подобро го разбираат процесот на носење одлуки во училиштето, дали подобро се запознаени со работата на училишните служби, кои се работите кои ги научиле преку симулацијата и слично.

## ОПИС НА УЛОГИТЕ

### 1. УЛОГА НА КООРДИНАТОРИ НА СИМУЛАЦИЈАТА

Ученикот и наставникот кои се во оваа улога имаат обврска да го следат и насочуваат текот на симулацијата и да даваат инструкции во процесот. Во првата фаза, фазата на подготовка, тие ја претставуваат симулацијата, даваат инструкции и ги распределуваат улогите на секој од вклучените ученици. Дополнително, одговараат на прашањата кои можеби ќе ги имаат учениците. Тие се задолжени да ја следат агендата и да го следат спроведувањето на секоја од фазите предвидени со симулацијата. Исто така, интервенираат доколку симулацијата застрани од планираното и го смени текот во непосакуван правец.

Наставникот и ученикот се задолжени и за логистичкото спроведување на активноста, вклучувајќи спроведување и поврзување на учениците со службите, фотографирање на активностите кои се спроведуваат во текот на симулацијата како и обезбедување на материјали потребни за симулацијата.

## 2. ДИРЕКТОР НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

Директорот има улога да раководи со училиштето и да носи одлуки согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето.

Во рамки на симулацијата, директорот треба да ги застапува интересите на училиштето и да носи одлуки кои се најдобри за училиштето. Ученикот кој ќе биде ставен во улога на директор ќе има за задача да го води целокупниот процес на носење на одлуки во рамки на симулацијата, вклучувајќи:

- Да ги свикува состаноците за дискусија и одлучување;
- За време на средбите да ја води и модерира дискусијата
- Давање насоки на останатите училишни служби;
- Да ги констатира и потврди одлуките кои ќе се носат низ симулацијата.

Од особена важност е ученикот кој е во улога на директор да се запознае со. работните задачи и ингеренции на директорот на училиштето за да може квалитетно да ја спроведе својата улога во симулацијата.

## 3. ПОМОШНИК ДИРЕКТОР НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

Помошник директорот е наставник од училиштето назначен да ја помага работата на директорот и да му асистира во управување со воспитно-образовниот процес.

Ученикот кој ќе ја добие оваа улога во симулацијата ќе има за задача да му помага на директорот во спроведувањето на процесот на носење на одлуката, вклучувајќи:

- Помош и поддршка при закажувањето и водењето на состаноците;
- Фаќање белешки и креирање записник од состаноците
- Консултација со директорот за креирање заеднички ставови;
- Советување на директорот при носењето на одлуки.

## 4. ПСИХОЛОГ ВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

Училишните психолози работат директно со учениците и им даваат поддршка, при справувањето со различни емоционални, социјални и академски предизвици со кои се соочуваат учениците, преку работа со индивидуи и групи на ученици, како и преку спроведување на, различни активности во училиштето.

Во рамки на симулацијата, ученикот кој е во улога на психолог, учествува во процесот застапувајќи ги потребите и интересите на учениците Психологот се труди да дава предлози со кои ќе се подобри благосостојбата на учениците односно:

- Ги потенцира предностите и недостатоците за добросостојбата на учениците од предлог- одлуките кои се дискутираат;
- Дава предлози кои се од интерес на учениците и нивната добросостојба;
- Дава предлози кои се во рамки на ингеренциите кои ги има.

## 5. ПЕДАГОГ ВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

Училишните педагози имаат улога да го следат воспитно- образовниот развој на учениците и да интервенираат во насока на поттикнување и поддршка на учениците постојано да се развиваат и да напредуваат. Ученикот кој ќе ја има улогата на педагог во процесот на одлучување за прашањето кое е фокус на симулацијата треба да се грижи за ефектите од одлуката врз воспитно-образовниот процес и врз развојот на самите ученици.

Предлозите и препораките кои ги дава во процесот треба да бидат во насока на унапредување на развојот на учениците и на бенефитите кои тие ќе ги почувствуваат. Во рамки на симулацијата педагогот се фокусира на:

- Дискусија за ефектите од одлуката врз развојот на учениците;
- Предлози и препораки кои би довеле до унапредување на воспитно-образовниот процес и врз развојот на учениците;
- Неговата улога во спроведувањето на одлуката и активностите кои би ги имал педагогот при спроведувањето на одлуката.

Педагогот во процесот работи блиску со училишниот психолог.

## 6. НАСТАВНИЦИ- ЧЛЕНОВИ НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ

Наставниците се оние кои во целост го спроведуваат воспитно-образовниот процес со учениците во рамки на часовите. Оттука, наставниците можеби најдобро ги знаат потребите и е интересите на учениците. Дополнително, наставниците кои се дел од наставничкиот совет учествуваат директно во процесите на носење на одлуки во училиштето.

Учениците кои ќе ја исполнуваат улогата на наставници- членови на наставнички совет, ќе учествуваат во процесот застапувајќи ги потребите и интересите на самите ученици, но и ќе водат сметка за ефектите на одлуката врз самата настава. Во рамки на симулацијата, наставниците ќе се фокусираат на:

- **Потенцирање на потребите и интересите на учениците**
- **Грижа за ефектите врз наставата;**
- **Потенцирање на придобивките и недостатоците од одлуката врз учениците**

## 7. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА

Претседателот на Ученичката заедница е главен претставник на учениците во училиштето. Неговата улога е да ги застапува интересите на учениците пред училишниот менаџмент и да обезбеди нивно активно учество во донесувањето одлуки кои се однесуваат на учениците. Претседателот координира активности, организира состаноци на Ученичката заедница и се грижи за спроведувањето на иницијативи со кои се подобрува состојбата и позицијата на учениците во училиштето.

Во симулацијата, Претседателот на Ученичката заедница ќе биде главниот застапник на гласот на учениците, односно:

- **Ќе го учествува во процесот на одлучување застапувајќи ги потребите и интересите на учениците;**
- **Ќе дава предлози и решенија кои се во интерес на учениците;**
- **Ќе ги консултира учениците за прашањето кое е предмет на одлучување:**
- **Ќе учествува во дискусиите и ќе помага во донесувањето одлуките;**
- **Ќе се грижи за комуникацијата меѓу менаџментот и учениците во рамки на симулацијата.**

## 8. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА

Потпретседателот на Ученичката заедница ја поддржува работата на Претседателот и учествува во планирањето и спроведувањето на активности. Заедно со Претседателот, се грижи да осигура застапеност на гласот на учениците во процесите на носење на одлуки во рамки на училиштето.

Во рамки на симулацијата, Потпретседателот на Ученичката заедница ќе има задача да ја поддржи работата на претседателот, односно:

- Да помага во организирањето и координацијата на процесите;
- Да ги презентира ставовите на учениците за прашања од значење;
- Да води записник од консултативниот процес спроведен со учениците:
- Да се грижи за одржување на конструктивна и ефективна дискусија на средбите со училишните служби.

## АГЕНДА НА СИМУЛАЦИЈАТА
## ДЕЛ 1: ПОДГОТОВКА

| АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ |
|---|---|
| **Вовед и доделување улоги** | 30 минути |
| **Средба со училишни служби** | 45 минути |

## ДЕЛ 2: СПРОВЕДУВАЊЕ НА СИМУЛАЦИЈАТА

| АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ |
|---|---|
| **Пленарна сесија за дискусија** | 60 минути |
| **ПАУЗА** | 25 минути |
| **Консултативен процес** | 60 минути |
| **Пленарен состанок за носење на одлука** | 60 минути |
| **Креирање на соопштение за наставници и ученици** | 30 минути |

## РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ

1. Водич за спроведување на симулацијата
2. Форма за записник од средба со училишни служби
3. Форма за записник од пленарни сесии
4. Форма за записник од консултативен процес
5. Форма за соопштение
6. Форма за записник од средба за рефлексија
7. Листа за проверка